ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИЛНИ

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 15 април 2014

## РЕЗУЛТАТИ ЗА 2013 ГОДИНА: ДОБИВКА ОД 153 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО КОНТИНУИРАН ПОЗИТИВЕН ТРЕНД ВО ПЕРФОРМАНСИТЕ

Денес во Скопје се одржа Годишното Собрание на Акционери на Охридска банка.

Акционерите ги потврдија резултатите на Банката за 2013 година и ги усвоија финансиските извештаи за годината.

Охридска банка манифестираше солидна отпорност во 2013 во предизвикувачко пазарно опкружување и објави нето добивка од **153 милиони денари што е 20% повеќе од резултатот во 2012 година.**

Во 2013 година, Охридска банка постигна нови остварувања во согласност со поставените стратешки цели, забележа пораст на бизнисот и ја одржа активната поддршка на клиентите наспроти отежнатата пазарна средина. Притоа постигна:

- **Континуиран долгорочен позитивен тренд** каде:
    - Кредитите се зголемија за 8,3%
    - Средствата се зголемија за 4,0%
- Подобрен коефициент на трошоци на 65,7%;
- Поволно ниво на нето чинењето на ризикот, со вклучен позитивен ефект врз нивото на резервации и постигнатиот резултат на позначајна наплата во овој период.

Порастот на перформансите и на профитабилноста е значаен за Охридска банка, но исто така претставува значаен поттик за порастот на банкарскиот сектор во Р. Македонија. Кредитите порасна над просекот за секторот, на тој начин придонесувајќи со 10% во растот на банкарскиот сектор.

**Билансот на состојба** на Охридска банка со 31.12.2013 година изнесува **28 милијарди** денари што и овозможи на Банката да ја потврди и зајакне позицијата на **четврта голема** банка во Р. Македонија.

**Кредитите од меѓународни финансиски институции** значително се зголемија **со 13,2%** учество во вкупните извори на средства, што придонесува за понатамошна диверзификација на структурата на изворите на Банката.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИЛНИ

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

2013 година означува година на позитивен придонес на сите елементи на Билансот на успех на Банката со цел солиден и подобрен нето резултат што се должи на:

- Засилените комерцијални активности;
- Заштеди во оперативните трошоци и на целокупните трошоци под засилена контрола;
- Позитивни ефекти од нето чинењето на ризик, квалитетот на кредитното портфолио и одличната наплата;
- Намален правен ризик и
- Позитивна капитална добивка.

“Ние сме посветени на одржување на ова подобрено ниво на финансиските перформанси со истовремено зголемување на нашето пазарно учество на среден рок. Успешно го завршивме планираното репозиционирање на седиштето на банката во главниот град Скопје. Во тек се проекти од суштинско значење што ќе ни помогнат во постигнувањето на нашата мисија: реструктуирање и оптимизација на мрежата на експозитури; понатамошно подобрување на трошоците на Банката и управување со системите на контрола и внимателно управување со ризиците. Убедена сум дека ќе ја задржиме успешната перформанса и во годината во која Сосиете Женерал прославува 150 години од постоењето” – подвлече Јитка Пантучкова, Претседател на Управен одбор на Охридска банка.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013